STIP WIND FARM

# ЈАВНО СООПШТЕНИЕ:
## Пакет за објавување на ОВЖССА и покана за јавна презентација

**„Алказар Енерџи Партнерс“** го развива **Ветерниот парк Штип** со капацитет до **396 MW.** Како дел од процесот на Оценка на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА), со поддршка на општините Штип, Радовиш и Карбинци, **ги покануваме сите заедници и заинтересирани страни да го следат Пакетот за објавување на ОВЖССА и да присуствуваат на Јавната презентација на ОВЖССА.**

Извештајот за ОВЖССА и Нетехничкото резиме (НТР) се достапни за јавен увид во периодот на објавување од 60 дена на следните локации:

| **Листа на документи за објавување на ОВЖССА** | **Достапна локација** |
|---|---|
| • Том I: Нетехничко резиме (NTS) (македонски, турски и англиски)<br>• Том II: Главен извештај за ОВЖССА (ESIA) (македонски и англиски)<br>• Том III: План за вклучување на засегнатите страни (SEP) (македонски и англиски)<br>• Том IV: Рамка за Управување и следење на животната средина и социјалните аспекти (ESMMP) (македонски и англиски)<br>• Том V: Технички прилози (англиски)<br>• Том VI: План за обновување на егзистенцијата (LRP) (македонски и англиски)<br>• Том VII: План за управување со биолошката разновидност (BMP) (македонски и англиски)<br>• Акционен план за животната средина и социјални аспекти (ESAP) (македонски и англиски) | Project Website:<br>http://www.stipwindfarm.mk<br><br>Company Website:<br>https://alcazarenergy.com/stip-wind-farm/ |
| • Том I: Нетехничко резиме (NTS) (македонски, турски)<br>• Том II: Главен извештај за ОВЖССА (ESIA) (македонски) | • Канцелариите на Алказар Енерџи во Штип и Скопје<br>• Општина Штип<br>• Општина Радовиш<br>• Општина Карбинци |
| • Том I: Нетехничко резиме (NTS) (македонски, турски) | Најблиските села до проектот: Балталија, Никоман, Шашаварлија, Долани, Љуботен, Калапетровци, Кошево, Танатарци, Голем Габер, Бучим и Дамјан. |

Јавните презентации за ОВЖССА ќе се одржат во текот на неделата која започнува на 30 март 2026 година на четири локации во општините Штип и Радовиш. Точните локации, датум и време за одржување за секоја презентација ќе бидат објавени најмалку 14 дена однапред на официјалните веб-страници на општините.

На презентациите ќе се даде преглед на проектот, ќе се презентираат клучните наоди од студијата за ОВЖССА, ќе се образложат предложените мерки за ублажување и плановите за управување со животната средина и социјалните аспекти, ќе се објасни механизмот за приговори и ќе се дискутираат забелешките од засегнатите страни.

Писмени коментари можат да се поднесат во периодот на објавување до:

- Тања Димитрова Филкоска – Специјалист за животна средина и социјални аспекти, email: tfilkoska@alcazarenergy.com Tel: +389 70 247 773
- Канцеларија на Алказар Енерџи Партнерс во Скопје, Бизнис Центар ТГГ, 2-ри кат, Пиринска 29, Скопје
- Канцеларија на Алказар Енерџи во Штип, Кеј Маршал Тито 54-1, Штип

**Алказар Енерџи ги охрабрува и цени повратните информации од сите засегнати страни како дел од процесот на ОВЖССА**